Тема 6

# Пристапно и квалитетно дигитално образование за аутизам и интелектуална попреченост

## Обука за едукатори - обучувачи

Практикум и повратна информација од колеги

ISEC - ADE
Accessible digital education for learners with autism and intellectual disabilities: Innovating solutions and enhancing educators' competences
ISEC-ADE - Erasmus+ Project 2021-1-CY01-KA220-SCH-000027701

# Содржина:

01 Стратегии за ефективно спроведување на обука – практични вежби за предавање на сегменти од обуката

02 Повратни информации од колеги и давање конструктивна критика

03 Насоки за обучувачи за подобрување и усовршување на техники за обука

Бонус Концепти за учењето

# Очекувани **резултати** од учењето

До крајот на оваа сесија, треба да можете:

| |
|---|
| Ефективно да презентирате информации следејќи ги материјалите за обука |
| Да водите практични активности кои го зајакнуваат учењето |
| Да водите групни дискусии и да применувате и поттикнувате ефективно слушање |
| Да се вклучувате во рефлексивни дискусии со фасцилитаторите/учесниците за да го продлабочите разбирањето и примената на ефективни наставни практики |
| Да ги имплементирате повратните информации од фасцилитаторите за да ги продлабочите вештините за предавање за следните сесии за обука |

# 01

# Стратегии за ефективно спроведување на обука

Практични вежби за предавање на сегменти од обуката

# Вовед

Испораката на ефективна обука е клучен аспект во обезбедување придобивки за едукаторите (учесниците) и следствено учениците, и дека на конечно учениците со аутизам и интелектуална попреченост ќе бидат поддржани на што е можно поцелосен начин.

Во проектот ISEC-ADE го нагласуваме значењето на зајакнување на едукаторите со дигитални и наставни компетенции за инклузивно и достапно образование и реализација на целите за квалитетно образование. Ова е поддржано преку различните ресурси развиени за време на траењето на проектот, оваа обука на која учествувате и систематската употреба на развиените алатки.

Во овој дел од обуката ќе се фокусираме на стратегии и активности кои ќе ни помогнат да ги искористиме ресурсите на соодветен начин, за да имаме подобра шанса да се приближиме до посакуваните резултати.

Ефективната испорака на обука е динамичен процес кој оди подалеку од едноставното презентирање информации. Вклучува стратешко планирање, техники за ангажирање и длабоко разбирање на потребите на учениците. Ајде да истражиме некои клучни термини и концепти за да ја поставиме основата за нашата дискусија.

## Педагогија

Метод и практика на поучување, особено како академски предмет или теоретски концепт. Традиционално поврзана со образованието на децата, педагогијата се фокусира на пристапи водени од наставникот, нагласувајќи ги интрукциите и водството.

## Андрагогија

Уметност и наука за поучување на возрасни, базирана на претпоставката дека возрасните ученици имаат уникатни карактеристики и мотивации. Признавајќи ја автономијата и искуството на возрасните ученици, андрагогијата го нагласува само-насоченото учење, решавањето проблеми и примената во реалниот живот.

## Активно учење

Пристап кој ги ангажира учесниците во процесот на учење преку активности, дискусии и решавање проблеми. Во активното учење, учесниците преземаат активна улога, применувајќи критичко размислување, соработка и подлабоко разбирање на материјалот.

# Важно е обуката да го **ангажира учесникот**

Ангажираноста е темел на ефективната испорака на обука. Еве зошто е важна:

| Поголемо задржување на знаењето | Зголемена мотивација | Примена во сценарија од вистинскиот живот |
|---|---|---|
| Ангажираните учесници имаат поголеми изгледи да го задржат информациите и да ги применат во практични услови. | Активното учество во процесот на учење ја зголемува мотивацијата и интересот на учесниците за предметот. | Ангажираноста го олеснува пренесувањето на знаењето во реални ситуации, подобрувајќи ја практичната корист од обуката. |

# Загревање

## (10 мин.)

https://padlet.com/dashboard/recents?mobile_page=Collection

# Ѕидот (превземете шаблони од MAVEP Tools)

**Ќе добиете лист хартија со неколку изјави за учењето. Изберете ги оние за кои сметате дека се основни за учењето.**

- Изберете најмалку 3 изјави за првиот ред (оние кои ги сметате за основни).
- Потоа изберете најмалку 3 изјави за вториот ред, па третиот, и можете да продолжите да го градите ѕидот колку што сакате.
- Доколку сметате дека недостасуваат основни карактеристики, слободно додадете ги на празните картички.



# Активност 1

(15 мин.)

# Рефлексии од вашето претходно искуство

**Размислете за некоја сесија за обука што сте ја спровеле или на која сте присуствувале.**

Размислете што функционирало добро и кои предизвици сте ги имале.

- Фокусирајте се на специфични моменти.
- Размислете за реакциите на учесниците.
- Споделете ги своите набљудувања.
- Размислете што би направиле поинаку.



# Практични аспекти

## Времетраење на активноста 15 мин.

Имате **8 минути** да изберете и размислите за едно искуство. Доколку сакате, можете и да си запишете белешки.

Потоа, за преостанатите **7 минути** ќе ги споделиме сите овие искуства едни со други.

# Еве некои **вообичаени** повратни информации

## Вообичаени мотиватори

- Интересни примери
- Интерактивни делови
- Пријатна естетика
- Знаењето на обучувачите
- Динамиката на групата

## Вообичаени предизвици

- Неангажираност на учесниците
- Технички потешкотии
- Застарен курикулум
- Неискусен тренер
- Неинтерактивни сесии
- Присилено учество

***Дали твоето искуство се разликува?***
***Ајде да дискутираме!***

# Активност 2

(30 мин.)

# Рефлексии од вашето претходно **искуство**

**Имајќи ги предвид искуствата за кои веќе размислувавте, сега ајде да ги истражиме тие елементи кои ја прават обуката реално ефективна.**

Што значат за вас следниве работи?

- Активно слушање
- Јасна комуникација
- Адаптација на потребите на учесниците
- Интерактивно учење
- Квалитет на обуката



# Практични аспекти

## Времетраење на активноста 30 мин.

Имате **20 минути да ги анализирате** предложените елементи.

Потоа за време на останатите **10 минути** ќе ги **споделиме** сите тие **искуства** едни со други.

## Водење белешки

Можете да ги **запишувате вашите размислувања** на лист хартија и ли да ги додадете на падлетот споделен претходно.

# Дискусија

## Дефиниции

Со што се согласувате или не се согласувате?

## Примери

Дали имате конкретни примери за да ги поткрепите ваште ставови?

## Додатоци

Дали би додале дополнителни елементи на листата?

## Потреби

Што ќе ви биде потребно за да ги постигнете тие елементи во вашата обука?

# Активност 3

(15 мин.)

# Подготовка за обуката што **вие ќе ја одржите**

**Како што веќе знаете, вие самите ќе ја спроведете оваа обука. Ајде да видиме како можеме да ги искористиме дискутираните работи за да ги направиме нашите сесии поефективни.**

Прегледајте ја наставната програма и придружните ресурси

- Кои елементи би можеле да ги вклучите во секоја сесија?
- Како би го направиле тоа?
- Кои ризици можете да ги ублажите?
- Кои ризици не можат да се решат во овој момент?




Ајде на пауза!

02

# Повратни информации од колеги и конструктивна критика

Зошто се важни и како да се дадат на целисходен и корисен начин

# **Важноста** на повратните информации

Ефективната повратна информација е моќна алатка за подобрување. Ни помага да ги идентификуваме нашите силни страни и области за развој. Во оваа сесија, ќе се ангажираме во меѓусебни повратни информации за да ги подобриме нашите вештини за испорака на обука.

***Но... за каков вид на повратни информации зборуваме?***

Нашите искуства ни велат дека не сите повратни информации се корисни, што значи дека не сите повратни информации водат до подобрување (таканаречени „конструктивни повратни информации“).

Во оваа сесија ќе направиме колективен напор да обезбедиме конструктивни повратни информации едни на други за да го подобриме спроведувањето на обука и да се обидеме да станеме поефективни во процесот на учење од колегите.

# **Двете форми** на повратни информации

## Пофалба

Покажува признание за нечие работење и помага да се зајакне одреден пристап.

## Критика

Има за цел да истакне спорни аспекти, да избегне негативни пристапи и да научи од грешките.

**Корисните - конструктивни - повратни информации треба да ги вклучуваат двете форми, доколку се даваат правилно!**

# Некои **совети** за давање усни повратни информации:

## Тајминг
Веднаш штом е можно и додека искуството е свежо

## Локација
Генерално, преферираме: Пофалба – јавно, Критика - билатерално

## Тон
Секогаш обраќајте се со почит, смирено и не премногу драматично

## Емоции
Никогаш не давајте повратни информации гневно, покажете емпатија за примателот

## Цел
Имајте јасно разбирање за причините за која цел давате повратни информации

## Содржина
Бидете јасни, концизни, обезбедете примери и докази во вашите повратни информации

# Некои **совети** за давање писмени повратни информации

Писмените повратни информации зависат од дадената форма. Во повеќето случаи писмените повратни информации се базираат на претходно одредени прашања, кои најчесто се од затворен тип.

Во тој случај може да се чувствувате ограничени за адекватно да го изразите вашето искуство. Искористете го просторот „Други коментари“ (доколку е достапен) за да се фокусирате на специфични елементи, инаку контактирајте го обучувачот директно преку е-пошта и споделете ги вашите повратни информации.

# Усни повратни информации - Тајминг

При секоја обука треба да се одвои доволно време на крајот за размислување и споделување повратни информации. Овие моменти се важни бидејќи им овозможуваат на учесниците да ги изразат своите искуства откако присуствувале на целиот процес.

Ако повратните информации се бараат на почетокот на сесијата, тоа може да доведе до „лажни“ позитивни/негативни ставови, додека ако се одложени, тие имаат тенденција да бидат повеќе генерализирани и помалку корисни.

# **Писмени** повратни информации - Тајминг

Писмените повратни информации нудат малку повеќе флексибилност ако се формулирани на начин што им овозможува на учесниците да размислуваат и да го оценуваат процесот во целост.
Поради оваа причина, тие можат да се пополнат веднаш по курсот или до еден месец по курсот.

# Важни елементи во формуларот за повратни информации

## Јасни

Формулирајте прашања на јасен и разбирлив начин

## Специфични

Избегнувајте премногу општи прашања - наместо тоа, целете кон специфични референции

## Објективни

Прашањата не треба да го наведуваат учесникот на одреден одговор

## Интерактивни

Вклучете елементи како што се повеќекратен избор, линеарни скали, параграфи

## Прашања

Баланс помеѓу затворени и отворени прашања (најмалку 80-20 и не повеќе од 50-50)

## Содржина

Прашајте за процесот, материјалот, тренерот, учесниците, просторијата итн.

# Активност 4

(45 мин.)

# Пилотирање на вашата обука

**Сега ќе се менуваме и секој ќе одржи мала 5-минутна сесија врз основа на вашето исуство во оваа обука.**

Секој од вас ќе добие 3 слајдови од постојните презентации вклучувајќи теоретски и практични делови

- Ќе имате 10 минути да го прегледате вашиот материјал, да направите прилагодувања и да ја подготвите вашата сесија
- Потоа ќе бидете поделени во групи од 4 лица и секој учесник ќе има 5 минути да го предаде својот дел пред останатите во групата.



# Совети

- Не се вознемирувајте околу презентацијата - имате навистина убава шанса да ги тестирате работите за кои сте размислувале и да видите како другите ги перцепираат.
- Секој треба да обезбеди почитувани повратни информации, и позитивни и критични.
- Внимавајте за време на сите презентации на сите и учете од пристапот на другите колеги.
- Запишете белешки за испораката.
- Запомнете дека сите имаа многу малку време да се подготват - во овој случај направете напор да разликувате меѓу недостаток на подготовка и други потенцијално предизвикувачки однесувања.
- Не го прекинувајте привремениот обучувач и наместо тоа активно учествувајте во сесијата (или како активен слушател или со учество во практичните сесии).

# Честитки до сите тренери!

**Ви благодарам на сите за големиот напор и убавите детали во обуката! Сега ајде да ја започнеме сесијата за повратни информации:**

Секој тим има 8-минутна пауза за размислување и прегледување на вашите белешки и коментари (како индивидуални набљудувачи)

- Потоа добивате 7-минутна сесија за дискусија каде што секој ќе ги сподели своите повратни информации

***Запомнете! Вашите повратни информации треба да бидат корисни, дадени со почит и добронамерни!***




Ајде на пауза!

03

# Насоки за подобрување за идните обучувачи

Усовршување на техниките за обука

# И сега... **што?**

До сега вие: far you have:

- Учествувавте на 4-дневна обука за пристапно дигитално образование
- Размислувавте за претходно искуство од обука, и критичните и позитивните аспекти
- Приспособивте и планиравте сесија за обука
- Спроведовте сесија за обука на група колеги
- Добивте и дадовте конструктивни повратни информации

И сега што треба да направите?

# **Континуирано** подобрување

Концептот на континуирано подобрување не е прашање на извонредност, туку оценување на процесот на обука и разликите помеѓу учесниците во обуката.

Обуките базирани на специфично знаење со практични апликации имаат тенденција да станат застарени ако секогаш го следат истиот процес. Обуките ориентирани кон акција/образовните процеси имаат за цел да обезбедат алатки за специфични проекти - алатките остануваат статични, додека нивната употреба може да се прошири колку што дозволува креативноста на корисникот. Значи, вашата обука треба да следи и да учи од вашите ученици.

# Постигнување подобрување

## Рефлексија

Рефлексијата се однесува на активно паметење и запишување на вашите искуства и повратни информации што сте ги добиле. Научете и инспирирајте се од процесот.

## Континуирано учење

Освен ажурирање на содржината на вашата обука, континуираното учење е корисно од многу аспекти бидејќи ви овозможува подобро разбирање на луѓето, ја прави содржината поцелосна и го проширува вашето разбирање на светот.

## Промени

Направете промени и експериментирајте со нови активности. Ажурирајте ја содржината и процесот за да овозможите повеќе интерактивност и креативност.

# Активност 5

(25 мин.)

# Ајде да дискутираме

**Во овие 4 дена имавте можност да научите и пробате многу работи.**

- Кои се вашите клучни сознанија од овој процес?
- Кои се најзначајните работи што ги научивте?
- Како планирате да ги примените вашите техники за обука во вашите обуки?
- Дали можете да споделите совети и забелешки?
- Што би промениле во процесот?



# Бонус

# Концепти за учењето

*Прилагодено од материјалите за учење од проектот „MAVEP“*
*Линк - MAVEP E-book Strategies: “Concepts of learning”*

# Процесот на учење

Учењето е процес во кој му доделуваме значење на светот околу нас и на самите нас: реализацијата на значење или промена во значење.

Ова значење е создадено од и во социо-културниот свет.

Значењето е изразено и споделено преку однесување и постапки, како и во дизајнот и организацијата на околината.
(Sanneke Bolhuis, 2009)

# Што е учење?

Учењето е одржлива промена во бихејвиоралните можности
*(Van Parereren (1971), Tjipke Van der Veen (2016))*

- Знаење што не го имавте претходно.
- Способност да направите нешто што не сте можеле да направите претходно.
- Поседување став или верување што не сте го имале претходно.

Преку социјална интеракција и/или директно искуство.

# Типови на учење

**(Не)формално**
(во организирани средини за учење)

↔

**Информално учење**
(надвор од организирани средини за учење learning)

**Интенционално учење**
(учњење со намера)

↔

**Инцидентно учење**
(случајно учење)

**Експлицитно учење**
(свесно учење)

↔

**Имплицитно учење**
( несвесно учење)

**Забележете ги спонтаните процеси на учење !!!**
(информално, инцидентно, имплицитно learning)

# Погледи на учењето: бихејвиоризам

## Учењето е

Врска помеѓу стимулус и одговор преку награда, Учење делимични вештини, Градењето на конекции е пасивно.

## Ученик

Учи преку наградување, меморира и го користи знаењето во идентични ситуации.

## Наставник

Наставникот носи информации, ги дели на мали чекори и го сервира знаењето во хиерархиска рамка.

# Погледи на учењето: **когнитивизам**

## Учењето е

Активно стекнување на знаење,
Градење структури,
Когнитивна обработка на информации,
Процес на раст и развој.

## Ученик

Активно стекнува знаење,
Гради структури самостојно,
Пренесува знаење преку сличности и разлики.

## Наставник

Придружува,
Ја нагласува важноста на распоредите и разликите.

# Погледи на учењето: конструктивизам

## Учењето е

Активно,
Кумулативно,
Конструктивно,
Контекстуално,
Значајно,
Резултат на когнитивен конфликт,
Бара многу пракса,
Интеракција со околината и Дејствување во ситуаци,
Саморегулирачко и насочено кон цели

## Ученик

Формира и адаптира свои значења, Воспоставува врска меѓу старите и новите податоци.

## Наставник

Развива моќни средини за учење и води кон повисоко ниво на функционирање.

# Погледи на учењето: **социјален конструктивизам**

## Учењето е

Учењето е активно, кумулативно, конструктивно, контекстуално, значајно, бара многу практика и социјален контекст.

## Ученик

Формира и адаптира свои значења, Воспоставува врска меѓу старите и новите податоци.

## Наставник

развива моќни средини за учење и води кон повисоко ниво на функционирање.

# Рефлексија

- Со кој поглед на учењето се поврзувате?
- Дајте конкретни примери како го препознавате ова?
- Со кој поглед на учењето најмногу се совпаѓа вашата организација?
- Дајте конкретни примери како го препознавате ова?
- Како треба да изгледа социјалниот контекст?

***Бура на идеи во мали групи***



# Благодарам за вашето внимание!

## Дали имате прашања?

**Дознајте повеќе за ISEC-ADE на isec-ade.eu**

ISEC - ADE

Accessible digital education for learners with autism and intellectual disabilities: Innovating solutions and enhancing educators' competences
ISEC-ADE - Erasmus+ Project 2021-1-CY01-KA220-SCH-000027701

This work is licensed under the Creative Commons Attribution NonCommercial-No Derivatives 4.0 International License. To view a copy of this licence, visit http://creativecommons.org/licenses/by-nc-nd/4.0/

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

**CREDITS:** This presentation was developed based on templates by **Slidesgo**, and includes icons by **Flaticon**, and infographics & images by **Freepik**